Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 02-881/1

23-04-2024
_______2024 год.

СКОПЈЕ

Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно законските надлежности од член 36 став 1 алиенја 15 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/19), на ден 18.04.2024 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

1.СЕ СТАВААТ ВОН СИЛА Заклучоците на Судскиот совет на РСМ по однос на обврската за доставување полномошно од страна на полномошникот кој го застапува подносителот на претставката, односно од чие име и за чија сметка е изразено незадоволство во претставката и дека полномошното не треба да се става и да се скенира во фолдерот во врска со точката за Расправа по претставки и поплаки од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, заведени под бр.02-2153/1 од 15.12.2022 година и бр.02-717/1 од 30.03.2023 година.

### Образложение

Судскиот совет на РСМ на 484-та седница одржана на 18.04.2024 година расправаше по донесени заклучоци на Советот донесени на седници на Советот од 12.12.2022 година и 22.03.2023 година, а кои се однесуваат на обврската за доставување полномошно од страна на полномошникот кој го застапува подносителот на претставката, односно од чие име и за чија сметка е изразено незадоволство во претставката и дека полномошното не треба да се става и да се скенира во фолдерот во врска со точката за расправа по претставки и поплаки од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите. Во Советот заклучоците се заведени под бр.02-2153/1 од 15.12.2022 година и бр.02-717/1 од 30.03.2023 година.

Од дискусииите на седницата произлезе дека нема потреба за доставување на полномошно од страна на полномошник кој го застапува подносителот на претставката бидејќи полномошникот може да поднесе претставка заради заштита на правата на странката, особено ако се има предвид дека полномошникот е овластен во судската постапка за превземање

на сите потребни дејствија во име и за сметка на властодавецот и истиот пред сите институции има право да ги штити правата на странките, вклучително и да поднесе претставка во која се изразува незадоволство за работењето на судија/претседтаел на суд.

Полномошник во конкретен случај доколку смета дека има повреда во текот на постапката пред судот може да поднесе и барање за утврдување одговорност на судија/претседател на суд до Судскиот совет на РСМ.

Ова дотолку повеќе што подносител на претставка може да биде секое физичко и правно лице, така што нема потреба полномошник да доставува полномошно со дадено овластување од странка кога во нејзино име поднесува претставка до Советот.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Весна Дамева**